РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1567/2
21-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1567/1 од 25.03.2026 година, во врска со неправилности при исплата на надоместоци за изборен ангажман на членови на избирачки одбори во општините ---- и ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-1567/1 од 25.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 25.03.2026 година, поднесена е пријава во врска со неправилности при исплата на надоместоци за изборен ангажман на членови на избирачки одбори во општините ---- и ----.
Во пријавата подносителот наведува дека на сите лица ангажирани како членови, претседатели и заменици претседатели на избирачките одбори во општините ---- и ----, до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК не им била

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

извршена исплата на надоместоците за изборниот процес за изборите одржани на 19.10.2025 година и 11.01.2026 година.

ДКСК изврши анализа на Изборниот законик кој го уредува изборниот процес и утврди дека, согласно член 31 став 2 алинеја 24: *Државната изборна комисија донесува правилник и упатство за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација, врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста, како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување.*

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување. Ова од причина што видно од пропишаното во Изборниот законик, Државната изборна комисија е органот кој ги пропишува правилата коишто ја регулираат исплатата на надоместокот за членовите на изборните органи во РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk